***Возот трчаше распенавен како НАТО-вски бик***

***бегаше со пленот кон западните капиталистички земји***

***јас трчав низ вагоните барајќи ја својата душа***

***душата која ми побегна при роднинските збогувања***

***газев низ солзите и крвта кои се гарант за нашиот гнев***

***сите патници беа бездушни и немо гледаа во таванот***

***ја проколнуваа судбината што им ги откорна стеблата***

***и онака засушени им ги спакува во куферите***

***грабливите возови бродови и авиони беа мошне алчни***

***бездушниот народ го превезуваа без издишка и сон***

***го превезуваа со излитени крштеници и дедовски тапии***

***кучињата жално завиваа барајќи ги сопствениците***

***и ѕвездите угаснаа над препекот од земјиниот плач***

***а јас и по половина век се уште трчам низ возилата***

***за да си ја најдам мојата сопствена душа***

***зашто јас неможам без неа***

***а пак таа неможе без татковина***



**8.9.2017год.**

**Иван ТРПОСКИ**